Бр. 12-358/6 год.
14-05-2019

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став 1, член 23 став 1 и членот 33 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 15-та седница одржана на ден 9 мај 2019 година донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Изборниот законик и Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-358/1 од 12.02.2019 година.

Сомневањата дека Фондот на пензиското и инвалидско осигурување на Северна Македонија ја прекршил одредбата од членот 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик, со спроведување на постапката за вработување на 17 лица во Фондот на пензиското и инвалидско осигурување на Северна Македонија на определено време т.е до крајот на календарската година 2019 година, врз основа на Јавен оглас бр. 1/2019 објавен на 08.02.2019 година, не се потврдени.

Предметот со број 12-358/1 од 12.02.2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави писмено известување за постапувањето и за заклучокот донесен од страна на ДКСК.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-358/1 од 12.02.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител.

Во пријавата се укажува на сомневање за прекршување на членот 8-а од Изборниот законик и членот 34 став алинеа 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, во однос на тоа дека започнатите постапки за вработување треба да се стават во мирување со денот на донесувањето на одлуката за распишување на претседателски избори 2019 година, а кои сомневања во пријавата се однесуваат на постапката за вработување на 17 лица на определено време т.е до крајот на календарската година 2019 година во Фонодот на пензиското и инвалидско осигурување на Македонија врз основа на јавен оглас бр. 1/2019 објавен на 08.02.2019 година.

По разгледување на наводите во пријавата и добиениот одговор ДКСК констатира дека Фондот на пензиското и инвалидско осигурување на Северна Македонија постапил согласно членот 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик и постапката за вработување започната врз основа на Јавниот оглас бр. 1/2019 објавен на 08.02.2019 година за вработување на 17 лица во Фондот на пензиското и инвалидско осигурување на Северна


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Македонија на определено време т.е до крајот на календарската година 2019 година е ставена во мирување.

Врз основа на погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**